**Ивица Челиковиќ**

# ВОЗОВИ ВО ПАЈАКОВА МРЕЖА

Библиотека: ПОЕЗИЈА

**Македонска реч**
E-mail: makrec@mt.net.mk
© Македонска реч, издавач
© Ивица Челиковиќ, автор

**Ивица Челиковиќ**

# ВОЗОВИ
# ВО
# ПАЈАКОВА МРЕЖА

МАКЕДОНСКА РЕЧ
Скопје, 2006

*Ноќен ветар кружи на небото и пее.*

Пабло Неруда

*ТРАГИ*

## КУЌА

Како старо лозје
со своите изместени тежишта
старее и испостената мрежеста земја –
тенка под босите нозе
и смртно студена
под нивните дон кихотовски отисоци –

нејасните траги
и понатаму пропаѓаат меѓу дивите лозници,
тој изгубен свет што како предупредување
трепери во сетилата

зарем некој се загрижува
во немоќта да се толкуваат трагите
чиј почеток е сепак
некаде крај одамна пречекорениот праг –
созидан да биде трошна стабилност
од земја-црвеница

а внатре
во висина на чардакот
догорува кревката свеќа,
догорува како центар на вселената
удобно потпрен врз Архимедовата рамнотежа
и така мирува
бескрајно спокоен,
безгласно тивок

Во висина на чардакот лузните
се валкани и матни –
и зарем некој се загрижува
зошто се нејасни трагите
во зародишот на пустиот предел

**БУНАР**

Додека го копаа бунарот
зборуваа за времињата минати
и со поглед кренат (одвреме-навреме)
кон густите белузлави облаци,
го издолжуваа хоризонтот

малку по малку

педа по педа

преку границата

Додека ја бушеа земјата
сонувајќи ја силата на дното
заборавија на границата,
на таа нејасна црта
под небесната шир
(ако се гледа од аголот
на индивидуална перспектива)

Го ископаа бунарот
и најпосле во него протече
бистра вода –

Времињата сепак не се сменија,
насекаде во просторот се расфрлани само матни
сведоци
како некаков вид сеќавања, привсенувања
од движењата со чекори од седум милји

што исчезнаа во превртеното огледало –

Во длабочината на бунарот
(над бистрата вода)
дишеме тешко

## НЕВРАТ ИСТРОШЕН

Најпосле ги гледаме сребрените сводови
наведнати под небесните звуци
над испуканата скудна земја –

дивиот пулс во слепоочниците
запира во трошката надеж

змијата што спие на усвитениот камен
го избриша патот зад себе,
во пределот над бистрите езера
каде што скриени од денот
ѕиркаат гровнати села
очекувајќи ги залудно ѕвездените траги

мртвите души ги следат нашите чекори
нашиот неврат истрошен во заплетканата
моминска коса –
бродот наш чека закотвен
зад сите свиоци и секоја карпа
што крај патот се струпосува –

го сонуваме ли морето со отворени очи?

нашиот тивок очај
бродот наш пеплосан

## АПОКРИФ

На работ од шумата
осамен цвет
издаден над зараснатите гробишта
ги чува своите чудотворни бои
за сѐ уште неразбудените
погребани доживувања
заскитани во менувањето на времињата

Не постојат едноставни одговори
за мелодрамските сеанси
кои уште на предците им биле познати –
иако не со истата сомнителна тежина
што сега ги притиска
апокрифните линии
испрекинати преку Континентот

и неговите координати
повторно сменети
со невиден ентузијазам

## ОСТРОВ ВО НОЌТА

Долга е ноќта,
долга и развлечена

и сé уште лежи тешко
врз топлината на магливите контрасти
низ кои
полека тоне
островот мој

Долго умираат брановите,
гневни во своите завршетоци
со нелогични совпаѓања со брегот

О, толку многу мртва природа
во бесмислено потрошената енергија
за нешто што сепак не може
да потоне

И не може да исчезне –
без оглед на строго контролираната сила
што ги влече облаците во долга низа
во оваа тивка и тешка ноќ
која отстапува од интервалот
на траењето под планиниве

Долго трае ноќта
во песјите прегратки по улиците,
вкрстени во неправилната сенка од багремите
што одвај видливо треперат
во допирот со темната вода
и во илузијата на островот
што тивко тоне

## **ПАЈАЖИНА**

Можеби сепак беа подобри времиња
кога напуштените села умираа
во утробите на дроздовите

и во копнежот под старите јаболкници
што ти сосема го заборави, жено,
како дел од маѓепството на „Света Тројца“
и од страшниот траскот на небото,
меѓу облаците од прав и пајажина
и тешката земја собрана под пазувите на скитникот

Продолжувам
да го собирам дождот во себе
и така се изедначувам со острата трева на полињата,
со ноќните сенки,
се вовлекувам во врежаните знаци на камените плочи
исплетени во мрежа од заборав,
од јазли на подземни врски
и допири

и
од месечеви цвеќиња што ме мамат
во ноќта

во спомените

во молитвите неизвалкани

*СЕНКИ – ГРАД*

**ГЛАС**

Моите чекори ги следи
будното тешко око на централниот крстопат,
со до совршенство развиен
дијаболичен инстинкт
на вешт прогонител

превртливец

воајер

младозелен итрец

Булеварот издишува
и цимоли како паталец
врз илузијата на својата проста логика
на пристојно место за празнење –
едноставна утеха е тоа, зарем не?
изречена секогаш
со збор погрешно избран,
со двосмислена порака
за аутсајдерите
од нашето маало

Јас ја следам
таа проста логика
во соодветно себепрепознавање –
еднаш во измешаните траги кај „Света Петка“,
друпат низ грдата прокоба
изгонета од аурата околу „Свети Климент Охридски“,

и во опсесијата за константите
на духовните времиња

И можеби
во големиот небесен Крст
кој и на славољубивите
и на едноставните души
им открива дека долгото исчекување
на небесниот глас
сепак е вкоренето
во немирот на земјата

**СКОПСКИ БЛУЗ**

Во полноќна тишина,
        (кога уличните светилки
        се кријат зад расцутените липи)
ги гледам – со вкрстени дијагонали
изѕиданите височини над Карпош

Чувствувам со благост –
        растревожена,
                да, тивки звуци,
нивната игра
врз испостените води на Вардар –
треперат
како сеопфатна метафизика
што зачнува премостувања
во утробата на овој простор

Полноќна тишина
што ѕвезденото небо
го приземјува на балконите,
го осветлува ноќниот мир
во метаморфозите на веќе видениот сон
што ја освојува мојата алчност
да владеам
со Градот

## ФРАГМЕНТ СО ВИОЛЕТОВА БОЈА

Над усвитениот асфалт
(со вкус на олово под јазикот)
и растревожените линии
на трошната архитектура

трепери предградието

меѓу исушените стебла
се притајува молк,
како репризирана фатаморгана
во горниот слој на денот

фрагмент од сончевото попладне
мирува во корки од лубеница
на испуканиот тротоар –

(јас ги гледам низ прозорецот)

и со поглед недовршен
ги пребројувам липите,
трпеливо мерејќи го попладнето
што изминува со цела низа баналности
околу детската врева
што нé сплотува
со столбовите од облаци
и веќе заборавените мириси

## **УЛИЦИ – ТРЕПЕРЕЊЕ – МОСТ**

Магловити навраќања
како треперливи
раскрилени пајажини
под засенчените издолжени вокали

кон менливоста на улиците,
тие незапирливи налудничави менувања –
што остана од нив
за смисла да му даде
на пресоздавањето

јужниот ветар зад себе веќе не остава
никакви траги за сомнеж,
за недоумици

и реката се истенчува
заедно со градот
и со непостојаната вегетација –
таа привлечна градина
за шашливите стаорци
во ќошињата
под мостовите
праволиниски разнишани

пладне е,
тивкото ехо од градскиот часовник
се слизнува низ калдрмата

и долу под кејот танцува со водата

ништо не се вознемирува
само неколку исушени лисја
се вивнуваат над излитените камени блокови,
како дел од скусеното движење
што сѐ уште постои

стариот просјак
со своето босоного мрсулаво внуче
не се разделува од Мостот –
со еден цел милениум сончеви зраци собрани на
челото
длабоко во очите го чува целиот град,
онаков каков што бил некогаш
во темните сеќавања
за разлеаните звуци на камбаните
што како месечев шум
набабруваат

Преку мостот,
и од едната и од другата страна,
сенките го продолжуваат животот –
своето живуркање
на опачината и на двете лица на Бога
во вжештениот триптих под Калето
и во немоќта на дланките
и таинствените допири на маглата и месечината
што асфалтот
го спојуваат
со тивкото чекорење

## СКОК ВО ПРАЗНО

1. (*Преку планините*)

Додека ветерот не разнесува
под трошните сводови
трепериме со тежок здив
меѓу излупените фасади
и се гледаме немо како дел од претскажувањето
исфрлено како камен-темелник
низ прозорецот од нашиот дом

Со скаменети лица го следиме ветерот низ шумата
го поттикнуваме апокалиптичниот провев
студенилото на тивката дијаспора
(зарем таа може да биде и поинаква!?) –
не онаа далечна
недофатлива
здробена,
туку оваа овде
веднаш од другата страна на планиниве
како некаква (божемска) вертикала
на нашето постоење

Но и таму не нема
исчезнуваме капка по капка
и се возобновуваме во бистрината на водените знаци
што некогаш со тревога не исполнуваа,
со немирно чекорење

и со зборот еден единствен
што не се измолкнува –

стравот

2. (*Лет над ридовите*)

За утеха ни остана подмолното дрдорење
и тивко пелтечење

присобрано

суво

стуткано
во тесните грла

(за содржината на поимот немир)

и за сите стравови наши веќе видени
и доживеани:

Овде горе во ридовите сме безбедни
немаме прозорец
да скокнеме низ него

*МИНЛИВОСТ*

## СЕВЕРНИ ОБЛАЦИ

Сонот во зимската ноќ
упорно завлекува кон дното на реката,
со тивок шум

Лица на незнајни војници
шумски духови
и скокотливи вештерки,
се доближуваат со пискав кикот,
со забревтано издишување
крај слепоочниците

Уште понекој заскитан лет на тромави птици
не ја нарушува рамностраната геометрија
на скусените небески линии;
како цело време да е самрак,
студен предзнак на извежбана самотија

Нагоре
кон север
патиштата се стеснуваат,
и пред да исчезнат,
(без ритам и драматика)
ги впиваат во себе
рамнините со коси растенија

Го впиваат и летното зајдисонце
за кое овде не постои синоним

## ИГРА

Секое утро
ги гледам буквите во весниците –
но не ги препознавам повеќе,
зборовите не ги разбирам,
гледам како
сврзниците повторно се заматуваат
и ми трепераат пред очите –
глаголите како да се од некое друго време
како да се вонвременски –
се лизгаат пред очите
криејќи се зад листовите на дрворедите
во мојата улица

(некаков нежен глас
ме залажува од далечина),
нема веќе заеднички судбини,
ниту пак ноќни вратари
со клучеви за таинствени одаи
вон видното поле –

Светот го гледам со едно око,
само на бледите фотографии
што покажуваат отсутност
(изместеност)
и долги колони
со здодевни псевдоними

**ПИР**

Светлината се преобрази
на дното на нашите очни сенки,
се засолни и од љубопитноста
и од алчните погледи на ѓаволовите ученици –
малку ли се тие глодачи,
лазачи,
што присобрани еден врз друг,
еден до друг
и затскриени, маскирани
ја разјадуваат сцената на божествените игри –
додека ние пропаѓаме,
се разлеваме низ трулежот на
расклатените чардаци

И понатаму сме со намера
да му прокосиме на ветерот
во погрешна насока –
ги собираме неволно трошките
од метаморфозите на мултилингвалните екстази
и ги губиме неповратно остатоците од денот
во кои се засолнува
и си го наоѓа своето место
големата бучава што урива и создава сé

и во која
нашиот глас
никако да си го најде
своето место

## ТАЈНОПИС

Ме обвиваш како нежен зрак
под дрвјата каде што се пласти тишина,
и звук сокриен в гробница
под мирисот на исушени портокали

Твојот глас се возобновува
ме подзема како на врвот на голем бран
и ме фрла меѓу зраци и призраци,
меѓу речните брегови
и светлините манастирски
што ја исполнуваат шумата

Мудроста не е погребана,
и понатаму ја чувствувам леснотијата на дишењето
во молкот насобран во сликите од детството,
во мислите одвеани на далечните планински патишта

Го слушам ехото на зборовите
во нивното кружно патување
низ белините на старите писма,
тие нејасни записи
во постојан клеветнички судир
со јазикот разбуден во топлината на немоста

## АНГЕЛСКА ПЕСНА

Во прозирна далечина
на дното на сиво-белото небо,
ненадејно застанува соголен поглед
во изместена перспектива

крај мене танцуваат зраци,
ја исполнуваат сетилната конфузија во самракот,
во прозорецот на трошната куќа
во кој единствено се распознава коработ
трпеливо граден од ангелски раце

во далечина
се слуша грозен кикот,
грозоморна песна на морнарите
што ја разбираат јогата
и стареењето на мускулите

многу повеќе од стравот
дека никогаш повеќе
нема да го најдат своето море
и чунот неповратно заринкан
крај патот и животот,
како нус-појава
на екуменскиот оптимизам
и самообвинувањето
во осакатената земја

## МИГ

Заедно со водата
што се цеди и капе низ прстите
изминува и денот,
        (заокружената временска рамка)

Водата не можеме да ја вратиме назад
и повторно на минливоста
да ѝја подариме

Не можеме ни денот да го запреме
во мигот означен со најбистра капка

Илузијата на постоењето
е вонвременска овојпат,
дури и
индивидуална

како и сенките крај патот

## ТАМУ КАЈ ШТО НЕ СМЕ

Волшебни звуци
низ полињата и планинските рамнинки
на африканскиот рог –

како цел океан собран
под момински стапалки

длабочината му е неодредена
и никому веќе не му е интересна,
како претстава за далечните слики
што со банално повторување
ги сонуваме со луѓето
од нашето соседство

*ПАТУВАЊЕ*
*ВО ТРИАГОЛНИК*

## ЗАТРУПАНИ ПАТИШТА

1. (*Топлина на ветерот*)

Мислам
значи
продолжувам да патувам
под сребрените сводови
кои посекако и ти сега ги гледаш

Видливи се сé повеќе
и се разбира
многу помали
од небесната шир –
од долгите граници со небото
под усвитените камења,
жешки паметници,
чудни маченици
што беспрекорно се инкарнираат
во јагнето-жртва (без утроба),
од пастирот секогаш поитро

И во легендите
за лозјата, сончогледите и езерата
среде разлигавените липања
врз патиштата на судбината
што навидум стануваат
наш избор безусловен

2. (*Скриена претстава*)

Отсонуваните акорди
се разлеваат
врз загатливиот триаголник,
студен во својот израз
и распнат на јужниот крстопат –
натежнат
врз тегобната молчаливост
што како мртовечки покров,
морничаво темна коприна,
ги покрива пустите села
на рабовите на татнежот
по освојувачките походи

Едниот, најостар агол
на триаголникот што маѓепсува
(можеби не сосема безразложно),
ги пренесува светлините над Галичица
и оние од базиликите во Хераклеја
меѓу ескапизмот
над дванаестте острови

меѓу сенките што љубоморно
сѐ уште ја чуваат
почивката на Хелиос
и задоцнетата минејска незаситност
по убавината на Родос

3. (*Оīан – ūишина*)

За убавината
може без прекин да се пее
и со мисли раскрилени
по далечните сиво-зелени
треперливи морења
да се буричка под наслојките
на исцелителната топлина,
широката рамнина
под која мирува
проѕирната мермерна длабочина
и столетната водникава тага
во очите на љубената, (несфатливо
недостижни за секого што со својата судбина
се разминува) –

Ветерот скриен под суви лисја
и немото очајување
имаат ист именител
и еве
постојано се пресоздаваат
како светителска мака,

– константа аскетска

4. (*Затемнувања*)

Бесцелно е да се филозофира
за нужноста од постоење на осуда,
за лежерноста по изречената грдотија

во затворен круг
околу заборавените зборови
и во две насоки
се разделуваат зраците –
(најпрвин во болката што симулира
пулс во слепоочниците)

и потем
безнадежно
на замислениот пат
крај сините ридови што делумно ја одржуваат
илузијата за пресоздавање на времето

и во новата
набрзина спакувана
сказна за смислата на чинот
наречен заминување

5. (*Згаснаша возбуда*)

Сé се менува,
предградијата танцуваат
дури и во заборавените градови
виснати врз лесното живеење
исцедено од олово и глина

како густ чакал во грлото
да ги задушува вокалите
и не остава место за сомневање
дека овде сепак постои возен ред,
наш каталог со невозможни желби
и дел од опстојувањето
без широките насмевки
со кои порано се мрмореше
во екстаза
за естетиката на грдото
и на злото

6. (*Круг – повторно*)

Духот наш
со сопствена мерка се зголемува
(и преобразува,
што практично значи:

смалува)

Господе,
зарем е можно
дека волшебниот звук на кавалот
сé уште шумоли низ дрвјата
со истата острина
низ топлината на ветерот –

гласовите се мешаат над полето
и над ридовите:
со цело море самотија околу напуштените куќи,
нивните ровки ѕидови
со боја на сиво-белузлав снег

и со исчезнатите нивни слики
во планинската тишина
како студенило-лист
и премногу наталожена смисла
меѓу излитените корици на дневникот –

како повторно да се раѓа
душа-дрво
и одвај видлива светлина

7. (*Сон*)

Кога ги затвораме очите
гледаме како денот минува

со божја милост
    (ненадејно милосрдие)
и пред светлините и сенките со нашиот оформен лик
на псалтир-птица далечен лет

и со прелевање на пределите
од еден во друг

додека ги менуваат местата –

и светлините

8. (*Белини на небото*)

Окото го исполнува зрак – како донесен живот
во мрежата од бои
фрлена в мугри пред олтарот

болката е нечујна во мракот
и секоја (па дури и најмалата) издаденост на челото –
го прекршува

звукот

и го запира (меѓу шумите и езерата) градењето на
храмовите

– постојано недовршени

9. (*Лузни – далечина*)

Чудни се патиштата
по кои не остануваат траги
освен лузни од големите преселби,
во кои мирува ветерот
во исчекување да стивне далечната бура
и силните зборови
врз пределот проектиран
врз немир и страв
………………………………
………………………………
………………………………
Старите лозја се исушија
на дофат на градот,
остана само бадемот
со својата жилавост
и инает –

во епицентарот
на заборавот

*ДОПИРИ*

## УЛТРАМАРИН – ЛЕТО

И возовите останаа неподвижни – издолжени
и тивки како таинствени сенки
како длабинско ехо од нередот
под стрмните карпи

Сосема блиску до мене трепери ноќната хармонија
на небото
ме мами да зјапам долго
во небесниот пат на светите воини
свртени со штитовите кон Сатурн

и во бледите црти на меланхоличните лица (во
студенилото
на рибите што во своите перки
го чуваат заборавениот тајнопис),
пронижан во кристалите
во крупните очи на солените корали
што треперат на морското
дно

Трепери зборот по кој копнеам
и што ме успокојува
зборот-прошка –
како раце испружени кон топлиот јужен ветар,
во круните на липите
и во цветните градини што станаа заложници
на климатските повторувања

Возовите останаа на половина пат
зачмаени во пајакови мрежи

во кои сé уште има место
дури и за пченкарни полиња,
парцели на трусни подрачја со висок ризик,
улични гранапи како секогаш добредојдени
алтернативи,
бакалници и пивски лименки,
партиски книшки со изминат рок на употреба,
вапцани јајца во сите можни дречави комбинации,
лубеници присобрани во коњски покривки,
тракторски приколки очајно преполнети со афус али

и диви капини на шински прагови
…………………………………………………..
…………………………………………………..
…………………………………………………..

Уште многу светлина чека на своето ослободување
во древните градови
длабоко под хумусот
под летниот мирис на столетијата
и под кулите во воздухот
што сé уште се тука – на дофат на новите
претскажувања
со (старонови) еуфорични толкувања (според
проверените правила, се разбира)

Што да се каже за претскажувања врз основа на сон?

И кој тоа сака да заборави
дека сé уште постојат видови измачувања
што можат да му се понудат на човекот?

Насмевката на лудите не може да стане секојдневје –
(болка и збунетост
како губење на смислата во верата)

Да се фати денот
и зајдисонцето – тоа станува предизвик за подвиг (во мрзоволната
препуштеност на божјата рака) –

и на молчњето
без рок на траење

## НАВЕСТУВАЊЕ

Таму каде што се можни допири низ гранките
независно од маглата и бледата месечина

како блескав ден без божји гнев во нашиот простор

знакот-крстопат
и споменикот-заповед стануваат едно неделиво:
смирувајќи го животот во нас

на чист простор

во дивина – со невешт поглед под колената

и со едноставна желба за плачење

## ВНАТРЕШЕН ВЕТАР

Ноќта лежи маслено-сива
и густа – (тешка и леплива
врз планинските рамнинки) – ништо
не се придвижува (можеби
            повторно ќе врне)

Ако се решиш да заминеш
остави го прозорецот отворен:

светлината во собата
            невидливо болскотејќи
би можела по некое време да тргне по тебе (низ
прозорецот и тишината)

Делбите залепени во правта
ги бараат другите
            (без оспорување на новите маки
            и на доцна пратениот абер)

и на шепотењето како замолчено ехо,
како молк во траење

и
на запустениот прозорец
што (како точка на паметење) ќе те следи

и чека:

отворен

**СОДРЖИНА**

*ТРАГИ*
Куќа ........ 9
Бунар ........ 11
Неврат истрошен ........ 13
Апокриф ........ 14
Остров во ноќта ........ 15
Пајажина ........ 16
*СЕНКИ – ГРАД*
Глас ........ 19
Скопски блуз ........ 21
Фрагмент со виолетова боја ........ 22
Улици – треперење – мост ........ 23
Скок во празно
1. (Преку планините) ........ 25
2. (Лет над ридовите) ........ 26
*МИНЛИВОСТ*
Северни облаци ........ 29
Игра ........ 30
Пир........ 31
Тајнопис ........ 32
Ангелска песна ........ 33
Миг ........ 34
Таму кај што не сме ........ 35
*ПАТУВАЊЕ ВО ТРИАГОЛНИК*
Затрупани патишта
1. (Топлина на ветерот) ........ 39
2. (Скриена претстава) ........ 40
3. (Оган – тишина) ........ 41
4. (Затемнувања) ........ 42
5. (Згасната возбуда) ........ 43
6. (Круг – повторно) ........ 44
7. (Сон) ........ 45
8. (Белини на небото) ........ 46
9. (Лузни – далечина) ........ 47
*ДОПИРИ*
Ултрамарин – лето ........ 51
Навестување ........ 54
Внатрешен ветар ........ 55

**Ивица Челиковиќ**
**ВОЗОВИ ВО ПАЈАКОВА МРЕЖА**

*Издавач*
**Македонска реч**
E-mail: makrec@mt.net.mk

*За издавачот*
**Дејан Контевски**

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Компјутерска обработка и коректура*
**Ленче Тосева**

*Корица*
**Кирил Талески**

*Печат*
**САК-СТИЛ** – Скопје
2006

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-1

ЧЕЛИКОВИЌ, Ивица
Возови во пајакова мрежа/ Ивица Челиковиќ. - Скопје: Македонска реч, 2006. - 57 стр. 19 см. - (Библиотека Поезија)

ISBN 9989-163-30-8

COBISS.MK-ID 66865162